Република Северна Македонија

**Министерство за труд**
**и социјална политика**

- Интер ресорска консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите-

**Архивски број:** 17-8543/1
**Датум:** 15-11-2019

До:
**Медиуми**
**Јавно обвинителство на Република Северна Македонија**
**Министерство за внатрешни работи**
**Министерство за образование и наука**
**Министерство за информатичко општество и администрација**
**Агенција за Аудио и аудиовизуелни медиуми**
**Собрание на Република Северна Македонија**

Почитувани,

Покрај тоа што во изминатиот период, Интер ресорската група за еднакви можности на жените и мажите, испрати неколку соопштенија до институциите и до медиумите со кои остро реагираше на сексизмот и говорот на омраза кон жените од јавниот и политичкиот живот, за жал и понатаму, продолжуваат исмејувањата, навредите, омаловажувањата и деградирањето на жените, притоа алудирајќи на сексуалноста и прикажувајќи ги како објект на задоволување на сексуалните потреби на мажите.
Изразуваме сериозна загриженост за сексизамот насочен кон пратеничките Даниела Рангелова и Нола Исмајлоска Старова изразен преку социјалните медиумите во јавноста.

Токму затоа, Интер ресорската група за еднакви можности на жените и мажите го донесе следниов заклучок со кои се бара надлежните итно да постапат:
- Обвинителство проактивно и по допрен глас да реагира на сексизмот и говорот на омраза;
- Министерство за внатрешни работи да спроведува ефикасни истраги за електронски криминал;


Министерство за труд
и социјална политика на
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk
email:
interresorska@mtsp.gov.mk

- Интер ресорска консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите-

- Да се зајакнат капацитетите на Министерство за внатрешни работи и Обвинителството за да препознаваат и да прогонуваат говор на омраза (знаење и технички капацитети);
- Изработка на јасни упатства/протоколи/ насоки за постапување за случаи на говор на омраза и систем за прибирање на податоци;
- Измени на законите за медиуми преку поширока дебата со цел вклучување и на порталите во регулација бидејќи говорот на омраза тука најмногу се случува;
- Интерни политики и развој на капацитетите на политичките партии со цел превенција од говор на омраза и градење на внатрешни механизми за справување со говор на омраза;
- Итна ревизија на сите учебници од секој степен на образование, заради вметнување на позитивни содржини со соодветна репрезентација на жените, родово и сексуални различните и етничките малцинства, луѓето со попреченост и другите групи.
- Во согласност со член 18 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Собранието на Република Северна Македонија да избере Комисија за спречување и заштита од дискриминација.

Со почит,

**Координатор на ИРГ**
**Јована Тренчевска**

**Министер**
**Мила Царовска**



Министерство за труд
и социјална политика на
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk
email:
interresorska@mtsp.gov.mk